Врз основа на член 384, 385 и член 387 од Законот за трговските друштва, и членовите 21 и 23 од Статутот на ИНТЕПРОМЕТ АД Тетово, а согласно Одлуката за свикување на редовно годишно Собрание на акционери Бр. 0202-42/1 од 08.02.2022 година, Управниот одбор на друштвото, УПАТУВА

# П О В И К
## ДО СИТЕ АКЦИОНЕРИ НА ИНТЕРПРОМЕТ АД ТЕТОВО
## ЗА УЧЕСТВО НА ГОДИШНО СОБРАНИЕ

СЕ ИЗВЕСТУВААТ акционерите на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово дека годишното Собрание на акционери ќе се одржи на ден 10.03.2022 година (четврток), со почеток во 10:00 часот, во просториите на друштвото на ул. Илинденска бр.18-А Тетово, со предлог на следниот

## ДНЕВЕН РЕД

1. Избор на претседавач, записничар и двајца заверувачи на записникот и бројач на гласови.
2. Усвојување на Записникот ОДУ 369/21 од 07.09.2021 год., од Собрание на акционери одржано на ден 07.09.2021 година.
3. Разгледување и Предлог-Одлука за усвојување на Годишната сметка и финансискиот Извештај на друштвото за 2021 година, како и Предлог-Одлука за усвојување на Извештајот на Ревизијата на годишната сметка за 2021 година.
4. Предлог- Одлука за распределба на добивката остварена во финансиската 2021 година.
5. Разгледување и Предлог-Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на друштвото и органите на управување на друштвото со Предлог-Одлука за одобрување на работата на органите на управување на друштвото.
6. Донесување на Одлука за назначување на овластен ревизор за вршење Ревизија на годишната сметка и финасиските Извештаи на друштвото за 2022 година.

Право на учество на годишното Собрание имаат сите акционери запишани во акционерската книга на друштвото, лично или нивни застапници кои ќе приложат НОВО ПОЛНОМОШНО (бидејќи во акционерската книга во меѓувреме има испишано акционери и запишано нови акционери) согласно член 392 од ЗТД.

Пријава за учество во Собранието акционерот или неговиот застапник е должен да достави до друштвото најдоцна пред почетокот на седница на Собранието.

Секој акционер може да овласти полномошник со писмено полномошно за учеството на Собранието, за што е должен да го извести Друштвото по писмен пат и електронски. Податоците за начинот на испраќање на известувањата за полномоштвата и образците за гласање преку полномошник се достапни на официалната страница на Друштвото.

Акционерот може да користи и други видови обрасци за давање полномошно во писмена форма.

Согласно Законот за трговските друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат и образложение за предложената точка, како и по писмен пат да предложат за усвојување одлуки по секоја точка кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред.

Акционерите можат да достават предлози за вклучување на нови точки во дневниот ред, предлози на одлуките и прашања најдоцна во рок од 8 дена од денот кога е објавен јавниот повик.

Собранието одлучува само за прашањета уредно ставени на дневен ред.

Акционерите може да направат увид во материалите по прашањата од дневниот ред на Собранието почнувајќи од 01.03.2022 год. до 09.03. 2022 година, во времето од 10:00 до 15:00 часот, во канцеларијата на поранешна благајна на друштвото и на веб-страницата на друштвото.

Официалната интернет страница на друштвото е www.interpromet.mk

УПРАВЕН ОДБОР
НА ИНТЕРПРОМЕТ АД ТЕТОВО